( Образец ПП……)
До Општина Крива Паланка
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

- Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
- Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил** (liljana.jonoski@gmail.com) Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго---------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Назив: Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево, телефон: 078/303-735; е-пошта: rkoalicija@gmail.com.

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Кичево, Северна Македонија Датум 16.02.2024 година

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Бр.18-902/4**
**01.03.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА** Ф 8.5/1-3

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање наш бр.18-902/1, 19.02.2024г. од Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР,** се уважува Барањето бр.18-902/1, 19.02.2024г. од Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево.

Бараните информации му се доставуваат на барателот како **ПРИЛОГ** бр.18-902/3, 19.02.2024г. кон ова решение.

***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот од Рурална Коалиција, ул. Јордан Пиперката бр. 15, Кичево, достави барање преку електронска пошта на имеил, наш бр. 18-902/1, 19.02.2024г. за пристап до информации од јавен карактер согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

Со барањето бр. 18-901/1, 29.01.2024г. Барателот бара да му бидат доставени следните информации:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

3.1 Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.

3.2 Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 18-902/3, 01.03.2024г. на одделението за подршка на Градоначалникот, односи со јавност и информатичка технологија, како прилог кон решението и на начинот наведен во барањето.**

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 18 - 902/3
01. 03. 2024 год
КРИВА ПАЛАНКА

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Од**
**Одделение за подршка на Градоначалникот**
**односи со јавност и информатичка технологија**

**До одделение зајавни дејности**
**службено лице за посредување со**
**информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈА ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**
**Врска , барање бр. 18-902/2 од 19.02.2024г.**

Почитувани, постапувајќи по вашето Барање, бр. 18-902/1 од 19.02.2024г. ви ги доставуваме бараните информации од јавен карактер и тоа:

**Информација за точка 1 од барањето:**
Од услигите кои ги испорачува Општина Крива Паланка кон граѓаните дигитализирани се следниве услуги:

Пријави проблем
https://www.krivapalanka.gov.mk/prijavi-problem
Пренос во живо на седници на Советот на Општина Крива Паланка
https://www.krivapalanka.gov.mk/video-prenos-od-sednici-na-sovet
Пријава за присустов на седница на Совет
https://www.krivapalanka.gov.mk/prijava-za-prisustvo-na-sednica-na-sovet
Прашај го гардоначалникот
https://www.krivapalanka.gov.mk/prashaj-go-gradonachalnikot
Барање за термин за бесплатно користење на услугите на спортските објекти
https://www.krivapalanka.gov.mk/sport/besplaten-sport
е-Одобрение за градење
https://www.gradezna-dozvola.mk/Account/Login?ReturnUrl=%2f
е-Урбанизам
https://www.e-urbanizam.mk/najava.nspx
е-Градежно земјиште
https://zels.gradezno-zemjiste.mk/
Е-Услуги кои редовно се ажурираат и Општина Крива Паланка ги нуди преку мобилната и веб апликација м-Заедница (https://mzaednica.mk)

a. Пријави проблем / предлог
b. Барање за доделување на еднократен финансиски надоместок за новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Крива Паланка
c. Барање за доделување еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка
d. Доделување на еднократна парична поддршка за првачиња од Општина Крива Паланка
e. Конкурс за доделување признание за најуспешен просветен работник
f. Субвенција за купена количка за секое новороденче во Крива
g. Барање за надоместување на дел од трошоците на младите на подрачјето на Општина Крива Паланка за набавка на велосипеди

2. **Информација за точка 2 од барањето:**

Општина Крива Паланка не издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди.

3. **Информација за точка 3 од барањето:**

3.Општина Крива Плаланка не спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени.

Бараната информација ви ја доставуваме на начинот наведен во барањето!

**Датум: 01.03.2024**

**Сања Стојановска**
Раководител на одделение за , поддршка на градоначалникот, односи со јавност и информатичка технологија